# *Секој од вас да се крсти*

## *Вовед*

*Крштавањето* е општоприфатена неопходност меѓу сите Христијански Цркви. Постојат разлики во интерпретацијата за значењето на крштавањето во процесот на обраќањето кон христијанството, како и во начинот на изведувањето на самото крштавање. Овие разлики, меѓутоа, не се резултат на нејаснотии во изворната Книга на христијанството -–Библијата, туку исклучиво резултат на самоволни измени внесени од поедини Цркви во текот на историјата на христијанството.

На овие неколку странички, направен е обид на најкус можен начин да се презентираат најосновните Библиски текстови кои сепак ги содржат клучните елементи на *Библиското крштавање*. Целта е да им се помогне на сите новообратени христијани кои сѐ уште не извршиле *Библиско крштавање*, полесно да ги пронајдат и проучат Библиските цитати кои се однесуваат на крштавањето. Притоа, под крштавање се подразбира чинот на *подронување под вода* на лицето што се крсти, од страна на овластено црковно лице. Ова оттаму, што, во изворниот текст на грчки јазик, за зборот крштавање е користен поимот "*баптисо*" кој единствено подразбира подронување, а никако попрскување. Обрнато е внимание на следниве основни елементи на крштавањето:

1. **Особеноста на крштавањето**
2. **Крштавањето во спрега со верата и спасението**
3. **Крштавањето во спрега со проштевањето и со примањето на дар од Светиот Дух**
4. **Крштавањето - идентификација со Христовата смрт и воскресение**
5. **Крштавањето и пристапувањето кон Црквата**
6. **Крштавањето во спрега со духовното посинување**
7. **Крштавањето е ветување на чиста совест.**

## *1. Особеноста на крштавањето*

"*Затоа одете и направете од сите народи Мои ученици, крштавајќи ги во името на Таткото и Синот и Светиот Дух, учејќи ги да го чуваат сето она што ви го заповедав! И еве, Јас Сум со вас во сите дни до крајот на светот.*"-Евангелие според Матеј 28:19,20.

Особеноста на крштавањето, согледана од цитираните зборови изречени од Господ Исус Христос е двојна:

1. Крштавањето е нагласено во контекстот на најопштата заповед за проповедање на евангелието (Радосната вест).

Од цитираните зборови на Господ Исус Христос лесно може да се воочи дека крштавањето е неопходен, составен дел на евангелизирањето на народите:

"*... направете од сите ... Мои ученици ... крштавајќи ги ...*". Според тоа, во процесот на проповедањето и поучувањето треба да се вклучи и позивот за крштавање на секој што ќе го прифати евангелието. Едноставно, тоа е дел од Христовата заповед.

2. Крштавањето е издвоено потенцирано меѓу останатите, исто така важни нешта.

Во горе-цитираната Христова заповед, меѓу другото, се вели: "*...учејќи ги да го чуваат сето она што ви го заповедав*". Во тоа "*сѐ*" неспорно спаѓаат молитвата, дарежливоста, Причеста, љубезноста, добродетелството, проштевањето, искреноста, итн. Сепак, меѓу сите нив, Христос наоѓа за сходно издвоено да го потенцира крштавањето, покажувајќи со тоа дека се работи за нешто особено важно.

Уште нешто значајно е содржано во цитираните стихови:
"*...крштавајќи ги Во **Името** на Таткото и Синот и Светиот Дух*".

Значи, не "во имињата", ниту во секое име на Божјото Тројство посебно, туку "*ВО ИМЕТО*" на Троединиот Бог. Ова го велиме заради разните самоволни верзии на поедини цркви кои крштеваат "само во името на Исус", други "во името на Светиот Дух". Што значи игнорирањето на Отецот и на Светиот Дух во првиот случај или на Христос и на Отецот во вториот случај? Светото Божјо Тројство претставува еден Бог во три лица и затоа Христос и не вели "во имињата", туку само во името на Отецот, Синот и Светиот Дух. Отецот е зачетник на спасението, Синот е извршителот а Светиот Дух е печатот на спасението.

Значи,

- Библиското крштавање е придружен и особен дел на евангелието;
- Тоа се извршува во името на Светото Тројство;
- Тоа е различно од крштавањето на Јован Крстителот, кое не беше ниту во името на Тројството, ниту пак беше поврзано со смртта и воскресението на Господ Исус Христос (за ова читај понатаму). Од оваа причина, апостолот Павле им заповеда повторно крштавање на 12-темина од Ефес (види Дела на Апостолите 19:1-7). Ако се сфати ова, не треба да има забуна во фактот што во Посланијата од Новиот Завет, Библиското крштавање е накусо наречено "Исусово крштавање", што за тогашните слушатели била јасна одвоеност од за нив познатото "Јованово крштавање".

## *2. Крштавањето во спрега со верата и спасението*

"*И (Христос) им рече: Одете по целиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание!*
*Кој ќе поверува и ќе биде крстен, ќе биде спасен, а кој нема да поверува, ќе биде осуден*", Евангелие според Марко 16:15,16.

Можеби оваа спрега меѓу верата и крштавањето како предуслов за спасението е чудна или незабележлива за некого. Меѓутоа, тие се нераздвојни! Вистина е дека се спасуваме преку вера. Но вера во што? Тоа е вера во Исус Христос, т.е. во Неговата смрт и воскресение. А Библиското крштавање, со подронување во вода, ја симболизира токму верата во Христовата смрт, а излегувањето од водата - верата во Христовото воскресение.

Погоре цитираниот текст од Библијата содржи и ВЕТУВАЊЕ дека секој што ќе поверува и ќе се крсти ќе биде спасен. Божјите ветувања се ДА и АМИН!

Исто така, овој Библиски текст е во соглсност и со цитатот од Првото Послание на апостолот Петар, 3:21:

"*Во согласност со овој приказ, сега ве спасува крштавањето, кое не е отстранување на телесната нечистотија, туку е покажување на чиста совест спрема Бог, преку воскресението на Исус Христос*".

## *3. Крштавањето во спрега со проштевањето и со примањето на дар од Светиот Дух*

"*А Петар им рече: Покајте се! И секој од вас нека се крсти во името на Исус Христос, за проштавање на вашите гревови; и ќе го примите дарот на Светиот Дух*", Дела на апостолите 2:38.

Овој стих е мошне значаен, бидејќи е изречен на роденденот на првата Христијанска Црква - на Духовден.

Значаен е и заради фактот што овој стих е дел од апостолското упатство за луѓето кои прашуваат: што треба да сториме за да се спасиме?

Овој текст го нагласува ПОКАЈАНИЕТО како прв чекор, а потоа и крштавањето, ЗА СЕКОЈ што ќе се покае. Активата е ставена на "*ПОКАЈТЕ СЕ*" и на "*СЕКОЈ ОД ВАС НЕКА СЕ КРСТИ*", а пасивата на "*и ќе го примите дарот на Светиот Дух*".

Од ова произлегува дека одлуките за покајание и за крштавање се моја и твоја одговорност, а дарот на Светиот Дух е Божји одговор на нашето покајание и крштавање.

Ние веруваме дека секој што е вака покајан и крстен, добива особен дар од Светиот Дух, по Божји избор и без никакви дополнителни обреди.

Уште нешто значајно од овој стих. Крштавањето е ставено во корелација со простувањето на гревовите: "*...секој од вас нека се крсти... за проштавање на вашите гревови*".

Очигледно е тогаш, дека крштавањето стои меѓу ПОКАЈАНИЕТО како дејствие и ПРОСТУВАЊЕТО на гревовите како резултат. И при обраќањето на апостолот Павле, оваа корелација е присутна:

"*А што се двоумиш сега? Стани, крсти се и измиј се од своите гревови, повикувувајќи го Господовото име.*" – Дела на апостолите 22:16.

Овие два стиха кои ги цитиравме, повикуваат на решителност и опоменуваат да не се одлага крштавањето.

## *4. Крштавањето - идентификација со Христовата смрт и воскресение*

"*Или зар не знаете дека сите ние кои сме крстени во Христос Исус, крстени сме во Неговата смрт?*

*И така, преку крштавањето во смртта, погребани сме заедно со Него, та како што Христос воскресна од мртвите преку славата на Таткото,, така и ние да одиме во нов живот.*

*Зашто, ако се сплотивме со Него во смртта слична на Неговата, секако ќе бидеме - и во Неговото воскресение.*

*Знаеме дека нашиот стар човек беше распнат со Него, за да биде онемоштено грешното тело, та да не му робуваме веќе на гревот, зашто оној што е умрен, ослободен е од гревот. А ако умревме со Христос, веруваме дека и ќе живееме со Него*". Послание до Римјаните 6:3-8.

На овие стихови не им е потребен коментар. Тие едноставно кажуваат, дека, ако се поистоветиме со Христовата смрт, погребение и воскресение, преку крштавањето (на кое мора да му претходат покајанието и верата, како што веќе претходно објаснивме), тогаш стануваме соучесници и во благодетите кои произлегуваат од Христовата смрт и воскресение.

Овие стихови, исто така, кажуваат, дека крштавањето треба да биде и ПОЧЕТОК НА НОВ НАЧИН НА ЖИВЕЕЊЕ (6:4).

Слично е и значењето на текстот од Посланието до Колошаните 2:12-13,

"*...откако бевте погребани со Него во крштавање, во кое и бевте воскреснати со Него преку верата во дејствувањето на Бог, Кој го воскресна од мртвите. Вас, кои бевте мртви во престапите и необрезанието на вашето тело, ве оживеа заедно со Него, простувајќи ни ги сите наши престапи...*".

## *5. Крштавањето и пристапувањето кон Црквата*

" *И така, СЕ КРСТИЈА оние кои го прифатија неговото слово, па тој ден СЕ ПРИКЛУЧИЈА околу три илјади души*", Дела на апостолите 2:41.

" *Зашто ние сите сме крстени преку еден Дух, во едно тело...*" Прво послание до Коринќаните 12:13а.

На познавачите на Библијата им е јасно дека тоа едно тело е Црквата.

Веруваме дека пред приклучување во членство кон некоја христијанска црква, треба да му претходи крштавањето, и тоа е нормален ред.

## *6. Крштавањето во спрега со духовното посинување*

"*Зашто, сите сте Божји синови преку вера во Хрситос Исус, бидејќи сите кои се крстивте во Христос, се облековте со Христос*", Послание до Галатите 3:26,27.

Сѐ додека не си "син", не си наследник. Најдобра илустрација од Библијата доаѓа од животот на Авраам: наследник беше само синот, а не и робот!

Нашето "посинување" од поранешниот статус на "робови" е во корелација најпрво со верата во Христос (стих 26), а потоа и со крштавањето (стих 27). Со тоа уште еднаш може да се види дека крштавањето е витален дел од обраќањето и спасението на поединецот.

## *7. Крштавањето е ветување на чиста совест пред Бог*

"*Во согласност со овој приказ, сега ве спасува крштавањето, кое не е отстранување на телесната нечистотија, туку е ПОКАЖУВАЊЕ НА ЧИСТА СОВЕСТ СПРЕМА БОГ, преку воскресението на Исус Христос*", Прво Послание на апостолот Петар 3:21.

Овој текст јасно кажува дека крштавањето е составен дел од условите за спасението.

Овој текст кажува дека крштавањето претставува ВЕТУВАЊЕ. Кога човек ќе се покае, ќе поверува, од него се бара да даде и јавно ветување преку крштавањето.

Овој текст го поврзува крштавањето со ЧИСТА (МИРНА) СОВЕСТ пред Бога. Мирна совест, бидејќи со крштавањето ја исполнуваме Христовата заповед. Во спротивно, ако бидеме непослушни кон оваа Христова заповед, совеста ќе нè вознемирува, нема да ни биде ни мирна, ниту чиста.

***Поучни примери од Библијата, во врска со крштавањето (проучи ги!).***

1. **Првите обратеници, Дела на апостолите 2:36-42.**
2. **Самарјаните, Дела на ап. 8:5-13.**
3. **Евнухот од Етиопија, Дела на ап. 8:26-40.**
4. **Савле/Павле, Дела на ап. 9:1-18, 22:16.**
5. **Корнелие, Дела на ап. 10:44-48.**
6. **Лидија, дела на ап. 16:13-15.**
7. **Стражарот, Дела на ап. 16:25-34.**
8. **Коринќаните, дела на ап. 18:1-8.**
9. **Ефешаните, дела на ап. 19:1-7.**

Ако внимателно ги проучите овие делови од Делата на апостолите, ќе го воочите следното:

Покајанието не е секогаш нагласено при обраќањето на овие луѓе, иако е очигледно дека е присутно.

Верата не е секогаш нагласена, иако се подразбира при секое од опишаните обраќања.

Крштавањето е секогаш нагласено, –за да нема никакво двоумење дека тоа е составен дел на обраќањето на секој поединец!

Следуваат Библиските текстови од погорните цитати:

**Дела на апостолите 2:36-42:**

"И така, целиот Израелов дом сигурно нека знае дека Него Бог Го направи Господ и Христос - Овој Исус, Кого вие Го распнавте!" А кога го чуја тоа, ги засегна во срцето, и му рекоа на Петар и на другите апостоли: "Мажи, браќа, што да правиме?" А Петар им рече: "Покајте се! И секој од вас да се крсти во името на Исус Христос, за проштавање на вашите гревови; и ќе го примите дарот на Светиот Дух. Зашто, ова ветување е за вас, за вашите деца и за сите далечни, колку што Господ, нашиот Бог, ќе ги повика кај Себе си." И уште со многу други зборови сериозно сведочеше и ги предупредуваше, велејќи: "Спасете се од ова расипано поколение!" И така, се крстија

оние кои го прифатија неговото слово, па тој ден се приклучија околу три илјади души. И беа постојани во апостолското учење и во општењето; во раскршувањето на лебот и во молитвите.”

**Дела на апостолите 8:5-13:**

“Така, Филип слезе во градот Самарија и го навестуваше Христос. А народот еднодушно внимаваше на Филиповите зборови, ги слушаше и ги гледаше чудотворните знаци што ги правеше. Зашто од оние коишто имаа нечисти духови, тие излегуваа со голема викотница, а мнозина парализирани и сакати беа исцелени. И настана голема радост во тој град. А во народот се наоѓаше еден човек, по име Симон, кој од порано изведуваше магии и го вчудовидуваше самарискиот народ, тврдејќи за себе дека е тој и тој. Него го слушаа сите, од мал до голем, велејќи: “Ова е голема Божја сила!” А го слушаа затоа што долго време ги восхитуваше со своите магии. Кога му поверуваа на Филип, кој го проповедаше Евангелието за Божјото царство и за името на Исус Христос, се крштаваа и мажи и жени. Самиот Симон поверува, и откако беше крстен, му се придружи на Филип, и гледајќи ги чудотворните знаци и моќните дела што се збиднуваа, се восхитуваше.”

**Дела на апостолите 8:26-40:**

“И Господов ангел му рече на Филип: “Стани и оди кон југ, по патот што се спушта од Ерусалим спрема Газа, кој е пуст.” Тој стана и тргна. И ете, Етиопјанец –- евнух, дворјанин на етиопската царица Кандакија, кој беше задолжен за целата нејзина ризница, а беше дошол во Ерусалим на поклонение, и на враќање, седеше во својата кочија и ја читаше книгата од пророкот Исаија. А Духот му рече на Филип: “Приближи се и придружи ѝ се на кочијата!” Кога Филип притрча и чу дека тој го чита пророкот Исаија, го праша: “Го разбираш ли тоа што го читаш?” Тој, пак, рече: “Како ќе можам да разберам, ако некој не ме упати!” И го покани Филипа да се качи и да седне до него. А текстот од Светото Писмо, што го читаше, гласеше: “Беше одведен како овца на колење, и како што јагнето е немо пред оној кој го стриже, така тој не ја отвори Својата уста. Во Неговото понижување не доби праведен суд. Кој ќе ја сфати Неговата генерација, зашто Неговиот живот се зеде од земјата.” Тогаш евнухот одговори, велејќи му на Филип: “Те молам, за кого го вели ова пророкот? За себе или за некој друг?” А Филип ја отвори устата и почнувајќи од тоа место во Светото Писмо, му проповедаше за Исус. А кога патувајќи дојдоа до некоја вода, евнухот рече: “Еве вода! Што ме спречува да се крстам? А Филип рече: “Ако веруваш од сѐ срце - – смееш.” Тој одговори, велејќи: “Верувам дека Исус Христос е Божјиот Син.” И заповеда да застане кочијата, па двајцата, Филип и евнухот, слегоа во водата, и го крсти. А кога излегоа од водата, Господовиот Дух го грабна Филипа; евнухот веќе не го виде. И продолжи радосно по својот пат. А Филип се најде во Азот, а потоа, поминувајќи, проповедаше по сите градови додека не дојде во Цезареа.”

**Дела на апостолите 9:1-18; 22:16**

“А Савле, сѐ уште исполнет со закани и убиства против Господовите ученици, отиде кај врховниот свештеник, и измоли од него писма до синагогите во Дамаск; ако најде таму некои следбеници на овој Пат, мажи и жени, да ги доведе врзани во Ерусали. Кога патувајќи се приближи до Дамаск, одненадеж го осветли светлина од небото; падна на земјата и чу глас, кој му рече: “Савле, Савле, зошто Ме прогонуваш?” А тој

праша: “Кој си Ти, Господине?” А Тој рече: “Јас Сум Исус, Кого ти Го прогонуваш!” “Стани и влези во градот, та ќе ти се каже што треба да правиш!.” А оние што го придружуваа стоеја неми, зашто го чуја гласот, а не видоа некого. Савле стана од земјата. Иако очите му беа отворени, не гледаше ништо. Тогаш го фатија за рака и го доведоа во Дамаск. И беше слеп три дни; и не јадеше, ниту пиеше. А во Дамаск постоеше еден ученик, по име Ананиј, и Господ му се јави во видение: “Ананиј!” А тој изусти: “Еве ме, Господи!” А Господ му рече: “Стани и оди во улицата што се вика “Права”, во куќата на Јуда и побарај го човекот од Тарс, наречен Савле, зашто, ете, тој се моли.” И виде во видение човек по име Ананиј, како влегува кај него и ги полага рацете на него за да прогледа.” Ананиј одговори: “Господи, чув од мнозина за тој човек, колку зло им направил на Твоите светии во Ерусалим. А и тука има власт од првосвештениците да ги врзе сите оние кои го повикуваат Твоето име.” А Господ му рече: “Оди, зашто тој човек е Мој избран сад, за да го изнесе Моето име пред нееврејските народи, пред цареви и пред синовите на Израел. Јас ќе му покажам колку треба да пропати поради Моето име. Ананиј отиде, влезе во куќата и откако ги положи рацете на него, рече: “Брате Савле, Господ Исус, Кој ти се јави на патот по кој доаѓаше, ме испрати за да прогледаш и да се исполниш со Светиот Дух.” И веднаш од неговите очи падна нешто како лушпи и тој прогледа; стана и беше крстен; и откако се најаде, закрепна. Неколку дена Савле помина со учениците што беа во Дамаск.”

“А што се двоумиш сега? Стани, крсти се и измиј се од своите гревови, повикувајќи го Господовото име!”.

**Дела на апостолите 10:44-48:**

“Додека Петар сè уште ги зборуваше овие зборови, Светиот Дух слезе на сите кои го слушаа говорот и се зачудија обрежаните верници кои дојдоа со Петар, дека и на неевреите се излеа дарот на Светиот Дух; зашто ги чуја како зборуваат на разни јазици и Го величаат Бога. Тогаш Петар рече: “Може ли некој да им забрани да се крстат со вода оние што го примија Светиот Дух како и ние?” И им заповеда да се крстат во името на Исус Христос. Тогаш го замолија да остане уште неколку денови.”

**Дела на апостолите 16:13-15:**

“А во саботата излеговме вон градските порти, крај реката, каде што беше местото за молитва. Тука седнавме и им зборувавме на собраните жени. Тоа го слушаше една богобојазлива жена по име Лидија, продавачка на пурпурно платно од градот Тијатир, а Господ ѝ го отвори срцето да внимава на Павловите зборови. Кога, пак, беше крстена таа и нејзините домашни, нè замоли, велејќи: “Ако сметате дека верувам во Господ, влезете во мојот дом и останете.” И нè принуди.”

**Дела на апостолите 16:25-34:**

“На полноќ, Павле и Сила се молеа и со песна Го славеа Бог, а затворениците ги слушаа. Кога одеднаш настана силен потрес, така што се поместија темелите на занданата: во истиот час се отворија сите врати, и на сите им паднаа оковите. А чуварот на занданата се разбуди и кога ги виде отворените врати на занданата, го извади мечот и сакаше да се убие, мислејши дека затворениците избегале. Но Павле викна со силен глас, велејќи: “Не прави си себеси никакво зло, зашто сите сме тука!” А тој побара

светлина, втрча внатре и треперејќи падна пред Павле и Сила; па откако ги изведе надвор, рече: "Господа, што треба да правам за да се спасам?" Тие му рекоа: "Верувај во Господ Исус и ќе бидете спасени ти и твојот дом." А потем им го говореа Господовото слово нему и на сите што беа во неговиот дом. И тој ги зеде во тој час на ноќта, им ги изми раните од ударите и веднаш се крсти заедно со сите домашни. Тогаш ги одведе горе во куќата, постави трпеза, и многу се израдуваа сосе домашните, зашто поверуваа во Бог."

**Дела на апостолите 18:1-8:**

"Потоа Павле тргна од Атина и дојде во Коринт. Таму најде еден Евреин по име Акила, роден во Понт, кој неодамна беше дошол од Италија, заедно со жена си Прискила, зашто Клавдиј заповеда сите Евреи да го напуштат Рим. Дојде кај нив, и бидејќи го знаеше истиот занает, остана кај нив да работи, зашто нивниот занает беше изработка на шатори. А секоја сабота водеше расправа во синагогата и ги убедуваше Евреите и Грците. А кога Сила и Тимотеј слегоа од Македонија, Павле беше поттикнат во духот ревносно да им сведочи на Евреите дека Исус е Христос. Но, бидејќи тие се противеа и хулеа, тој си ја истресе облеката и им рече: "Вашата крв на вашите глави! Јас сум чист и отсега ќе одам кај неевреите." И замина оттаму па дојде во домот на некојси Титиј Јуст, богобојазлив човек, чија куќа беше до синагогата. И Крисп, началникот на синагогата, со сите свои домашни, поверува во Господ; и мнозина коринќани, кои го слушаа, поверуваа и беа крстени."

**Дела на апостолите 19:1-7:**

"А кога Аполос беше во Коринт, Павле, откако ги помина горните области, дојде во Ефес, најде некои ученици, па им рече: "Дали го примивте Светиот Дух откако поверувавте?" Тие му одговорија: "Не сме ни чуле дека има Свет Дух." Тој уште им рече: "А во што се крстивте?" Тие рекоа: "Во Јовановото крштавање." А Павле рече: "Јован крштаваше со крштавање за покајание, велејќи му на народот да верува во Оној, Кој ќе дојде по него, односно во Христос Исус." Откако го чуја тоа, беа крштавани во името на Господ Исус. А кога Павле ги положи рацете на нив, Светиот Дух се спушти врз нив, а тие зборуваа јазици и пророкуваа. А беа вкупно околу дванаесет мажи."